**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

# ПРОЦЕДУРА

**за користење и обработка на**

**лични податоци при вршење на вкрстени проверки на**

**различни бази на податоци и евиденции**

**Скопје,**

**Јануари, 2016 година**

Врз основа на член 31, став 2, точка 44 од Изборниот законик (Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 и 196/15), а во врска со член 23 од Законот за заштита на лични податоци (Службен весник на Република Македонија бр. 7/05, 103/08,124/10,135/11,43/14 и 153/15), Државната изборна комисија на седницата одржана на 21.01.2016 година, донесе

# ПРОЦЕДУРА
## за користење и обработка на лични податоци при вршење на вкрстени проверки на различни бази на податоци и евиденции

**Цел на користењето и обработката на личните податоци на граѓаните**

**Член 1**

(1).Државната изборна комисија заради ажурирање на Избирачкиот список, согласно последните измени и дополнувања на Изборниот законик, има обврска да спроведе проверки, статистички анализи и вкрстени проверки на податоците на граѓаните наведени во Избирачкиот список со податоците на граѓаните во различни бази на податоци и евиденции со кои располагаат другите државни институции по разни основи.

**Правен основ**

**Член 2**

(1).Државната изборна комисија врз основа на член 41, став 2 од Изборниот законик има пристап до базите на податоци на државните органи кои што располагаат со регистри на граѓани по различни основи.

(2) Државната изборна комисија врз основа на член 42 од Изборниот законик врши запишување, дополнување и бришење во Избирачкиот список по службена должност врз основа на податоци од матичните книги, евиденцијата за живеалиште и за државјанство на Република Македонија, други службени евиденции и со непосредно проверување.

(3).Државната изборна комисија со Правилник за методологија за водење и ажурирање на избирачкиот список заснована на проверки и статистички анализи, вкрстени проверки на различни бази на податоци и евиденции, неограничени теренски проверки и други соодветни признати методи на проверка, кој ќе го усвои по добивањето на согласност од четирите најголеми политички партии во Собранието на Република Македонија, го уреди начинот на водење и ажурирање на Избирачкиот список врз основа на проверки на податоците за граѓаните содржани во истиот, статистички анализи, како и вкрстени проверки на податоците на граѓаните

наведени во Избирачкиот список со податоците во базите на податоци и евиденции на државните органи што располагаат со регистри на граѓани по разни основи.

**Вид на лични податоци кои се предмет на користење и обработка**

**Член 3**

(1).Предмет на користење и обработка од страна на Државната изборна комисија ќе бидат податоците содржани во Избирачкиот список согласно член 45 став 1 од Изборниот законик и тоа: единствен матичен број на граѓаните (ЕМБГ), презиме, име на еден од родителите и име, пол, лична фотографија (во формат како на лична карта или патна исправа), адреса на живеење (општина, населено место, улица, куќен број, влез и стан), датум на запишување и бришење и датум и вид на дополнување на податоците.

(2) Податоците од ставот 1 на овој член кои се предмет на користење и обработка од страна на Државната изборна комисија се прибираат од државните органи кои располагаат со регистри на граѓани по различни основи, согласно нивната надлежност.

**Начин на користење на личните податоци**

**Член 4**

(1) Личните податоци се прибираат по претходно склучени договори за давање на лични податоци на користење помеѓу Државната изборна комисија и државните органи кои располагаат со бази на податоци и регистри на граѓани по различни основи и тоа со:

- Фонд за здравствено осигурување на Република Македонија,
- Агенција за вработување на Република Македонија,
- Централен регистар на Република Македонија,
- Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија,
- Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија,
- Управа за водење на матични книги,
- Управа за јавни приходи,
- Министерство за земјоделие,
- Министерство за труд и социјална политика и
- Народна банка на Република Македонија.

(2) Податоците од став еден на овој член се преземаат криптирани во електронска форма (на ЦД) во затворен плик, запечатен и специјално заштитен.

(3) Државната изборна комисија и државната институција од која се преземаат податоците ќе разменат клучеви и лозинки за криптирање/декриптирање на податоците кои ќе бидат инсталирани на работните станици специјално определени за оваа намена (најмногу по една во Државната изборна комисија и државната институција од која се прибираат податоците).

(4) Примопредавањето на податоците се врши помеѓу одговорните лица на Државната изборна комисија и државната институција која дава лични податоци со по еден претставник од двете страни кои се офицери за заштита на личните податоци во институциите, за што се составува записник за примопредавање.

(4) Државната изборна комисија е должна да состави записници за отворање на затворените пликови со кои се доставуваат податоците и клучевите со лозинките за криптирање/декриптирање на податоците, во кој ќе се потврди дека доставените податоци одговараат на форматот и опфатот со кој истите се побарани. Овој записник ќе биде потпишан од најмалку тројца ИТ експерти и тројца членови на Државната изборна комисија.

**Начин на користење на личните податоци**

**Член 5**

(1).Личните податоци ќе бидат користени и обработени само заради спроведување на проверки на податоците за граѓаните содржани во Избирачкиот список, статистички анализи, како и вкрстени проверки на различни бази на податоци и евиденции, согласно Изборниот законик.

(2). Државната изборна комисија за обработка на податоците заради спроведување на проверките, со договор ангажира ИТ експерти кои ги имаат следниве обврски:

- Пружање помош на Државната изборна комисија околу соработката со државните органи заради добивање референтни податоци кои ќе се споредуваат со Избирачкиот список (согласно Изборниот законик);

- Обезбедување помош за Државната изборна комисија во однос на добивањето техничка експертиза која е неопходна за да се изврши неопходната обработка на податоци;

- Предлагање на тестови и процедури за оценка на податоците од Избирачкиот список за да се помогне на Државната изборна комисија да го ажурира Избирачкиот список;

- Откривање и презентирање на аномалиите на податоците пред Државната изборна комисија со цел утврдување на податоците кои ќе бидат предмет на понатамошна теренска проверка;

- Подготовка на извештаи и анализи кои Државната изборна комисија може да ги користи за теренските проверки за да се ажурира Избирачкиот список;

- Давање препораки во врска со извештаите за анализа на податоците кои ќе бидат разгледани од страна на Државната изборна комисија;

- Имплементацијата на анализата на податоци и резултатите од теренските истраги;

- Имплементација и надзор при обработувањето на сите податоци кои ќе се користат за да се состави конечниот Избирачки список;

- Давање извештаи на Државната изборна комисија на редовна основа

**Рок на чување на личните податоци**

**Член 6**

(1).Личните податоци кои Државната изборна комисија ќе ги добие од државните органи што располагаат со регистри на граѓани по разни основи ќе ги чува до моментот на завршување на законската обврска, односно до завршување на спроведување на проверки на податоците за граѓаните содржани во Избирачкиот список, статистички анализи, како и вкрстени проверки на различни бази на податоци и евиденции.

**Обврска за тајност и заштита на обработката на личните податоци**

**Член 7**

(1).Со цел спречување неовластен пристап и злоупотреба на личните податоци, Државната изборна комисија ќе ги преземе сите технички и организациски мерки за заштита на личните податоци согласно одредбите на Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Државната изборна комисија.

(2).Ангажираните ИТ консултанти кои ќе имаат пристап до личните податоци кои се предмет на користење и обработка имаат обврска да потпишат Изјава за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, која е составен дел на ова Процедура.

(3).Државната изборна комисија ќе им издаде Овластување за вршење обработка на лични податоци на ангажираните ИТ консултанти, кое е составен дел на оваа Процедура.

**Начин на вршење контрола**

**Член 8**

(1).Начинот на вршење контрола во однос на користењето на личните податоци од страна на Државната изборна комисија, државните органи што располагаат со регистри на граѓани по разни основи (контролори), ќе го вршат на начин утврден со Договорот за давање на лични податоци на користење.

**Периодична контрола**

**Член 9**

(1).Офицерот за заштита на лични попдатоци во Државната изборна комисија, согласно законските овластувања може да врши периодична контрола во однос на применувањето на техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци

при нивното преземање, користење и обработка заради проверки и статистички анализи, вкрстени проверки на различни бази на податоци и евиденции.

**Начин на бришење, односно уништување на личните податоци**

**Член 10**

(1).Начинот на бришење, односно уништување на личните податоци е утврден и ќе се спроведе согласно Правилникот за начинот на уништување на документите, како и начинот за уништување, бришење и чистење на медиумот во Државната изборна комисија.

**Бр.** 01-149/1

21.01. **2016 година**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

Александар Чичаковски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СКОПЈЕ